Врз основа на член 32, став 5 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018) и членовите 56 и 57 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Универзитетскиот сенат, на 36. седница одржана на 29.11.2019 година, го донесе следниов

# ПРАВИЛНИК
## за условите и постапката за избор и разрешување, надлежноста и работата на студентскиот правобранител и на замениците студентски правобранители на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје

### *I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ*

**Предмет на уредување**
**Член 1**

Со овој Правилник се утврдуваат условите и постапката за избор и разрешување, надлежноста и работата на студентскиот правобранител на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (во натамошниот текст: Универзитетот) и на замениците студентски правобранители на факултетите во состав на Универзитетот.

**Заштита на правата на студентите**
**Член 2**

Студентскиот правобранител на Универзитетот ги штити правата на студентите утврдени со закон и со актите на Универзитетот и на факултетот во состав на Универзитетот, кога им се повредени од органите на Универзитетот или друг член на академската заедница на Универзитетот.

Заменик-студентскиот правобранител на факултетот ги штити правата на студентите утврдени со закон и со актите на Универзитетот и факултетот во состав на Универзитетот, кога им се повредени од органите на факултетот или друг член на академската заедница на факултетот.

**Независност и самостојност**
**Член 3**

Студентскиот правобранител и замениците студентски правобранители ги вршат работите од својата надлежност врз

основа и во рамките на закон, актите на Универзитетот и факултетот и овој Правилник.

Студентскиот правобранител и замениците студентски правобранители се независни и самостојни во вршењето на својата работа.

Функцијата студентски правобранител и заменик-студентски правобранител е неспоива со вршењето на дејност или функција во политичка партија.

При вршењето на својата работа, студентскиот правобранител и замениците студентс-ки правобранители се водат од принципите на непристрасност, недискриминација, доверливост, достапност, одговорност, отчетност и законитост.

**Соработка со Универзитетот и факултетите**
**Член 4**

Универзитетот е должен да соработува со студентскиот правобранител, на негово барање да му се обезбедат потребните податоци и информации и да му се овозможи спроведување на постапката за заштита на правата на студентите утврдени со овој Правилник.

Факултетот е должен да соработува со заменик-студентскиот правобранител, на негово барање да му се обезбедат потребните податоци и информации и да му се овозможи спроведување на постапката за заштита на правата на студентите утврдени со овој Правилник.

**Неповикување на одговорност**
**Член 5**

Студентскиот правобранител и замениците студентски правобранители не можат да бидат повикани на одговорност за дадена препорака и преземени дејствија во вршењето на својата работа.

**Печат и штембил**
**Веб-страница и јавно гласило**
**Член 6**

Студентскиот правобранител има свој печат и штембил, кои го содржат следниов текст: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - студентски правобранител и логото на студентскиот правобранител.

Заменик-студентскиот правобранител има свој печат и штембил, кои го содржат следниов текст: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, називот на факултетот, заменик-студентски правобранител и логото на заменик-студентскиот правобранител.

Студентскиот правобранител и замениците студентски правобранители имаат единствена веб-страница и единствено јавно гласило, кои се регулираат со акт на Универзитетското студентско собрание.

**Примена на Правилникот**
**Член 7**

Одредбите од овој Правилник соодветно се однесуваат и се применуваат и за заменик-студентскиот правобранител на факултетот.

Факултетот може со акт на наставно-научниот/уметнички совет, согласно со овој Правилник, поблиску да ги уреди условите и постапката за избор и разрешување, надлежноста и работата на заменик-студентскиот правобра-нител на факултетот.

## II. УСЛОВИ И ПОСТАПКА ЗА ИЗБОР НА СТУДЕНТСКИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ

**1. Услови за избор**

**Надлежен орган и мандат**
**Член 8**

Студентскиот правобранител се избира од Сенатот на Универзитетот, со мнозинство гласови на членовите на Сенатот на Универзитетот, по предлог на Универзитетското студентско собрание на претходно објавен конкурс.

Мандатот на студентскиот правобранител е две години, без можност за реизбор.

**Услови за избор**
**Член 9**

За студентски правобранител и заменик-студентски правобранител може да биде избран редовен студент запишан на еден од факултетите од Универзитетот со завршен најмалку IV семестар (положени сите испити заклучно со четврти семестар).

**2. Постапка за избор**

**Конкурс**
**Член 10**

Конкурсот за избор на студентски правобранител го распишува Универзи-

тетското студентско собрание и се објавува на веб-страницата на Универзитетот, Универзитетското студентско собрание, на факултетите и на веб-страниците на факултетските студентски собранија.

Конкурсот од став 1 на овој член се распишува најдоцна еден месец пред истекот на мандатот на постојниот студентски правобранител.

Конкурсот трае 15 дена, сметано од наредниот ден од денот на објавувањето.

**Предлог за избор**
**Член 11**

Пријавените кандидати за студентски правобранител треба да ги исполнуваат условите од член 9 од овој Правилник.

Универзитетското студентско собрание го утврдува предлогот за избор на студентски правобранител на седница, со тајно гласање.

На седницата на која се утврдува предлогот треба да присуствуваат повеќе од половината од членовите на Универзитетското студентско собрание.

За утврден кандидат се смета кандидатот кој добил мнозинство гласови од присутните членови.

Ако при гласањето, во првиот круг, не биде утврден кандидат, гласањето се повторува во наредни кругови со кандидатите што не го добиле потребното мнозинство, така што во секој нареден круг отпаѓа кандидатот што добил најмал број гласови, но не повеќе од три круга.

Доколку никој од пријавените кандидати не го добие потребното мнозинство, постапката се повторува со нов конкурс, кој се распишува во рок од три дена по завршувањето на седницата на која не е извршен изборот.

Ако Универзитетското студентско собрание не го распише конкурсот од став 6 на овој член, конкурсот го распишува ректорот.

**Изборна комисија**
**Член 12**

Постапката од член 11 од овој Правилник ја спроведува изборна комисија составена од тројца членови од Универзитетското студентско собрание и двајца претставници од наставниот кадар на Универзитетот.

Претставниците членови од наставниот кадар ги определува ректорот.

**Член 13**

Изборната комисија:
- донесува одлука со која констатира дека пријавените кандидати ги исполнуваат, односно не ги исполнуваат условите да бидат предложени за студентски правобранител. Одлуката е конечна;
- составува записник за резултатите од гласањето и за крајниот резултат;
- ги утврдува резултатите од гласањето;
- врши и други работи утврдени со овој Правилник.

Изборната комисија донесува упатство со кое се утврдува нејзината работа, го утврдува изгледот на гласачкото ливче, утврдува образец на записник, начин на гласање и пребројување на гласовите, резултат од гласањето, известувања, записници и сл., чување и увид во изборната документација и други прашања поврзани со постапката за утврдување кандидат за избор на студентски правобранител.

Упатството од став 2 на овој член се објавува на веб-страницата на Универзитетот.

**Заклетва**
**Член 14**

Студентскиот правобранител дава свечена заклетва пред Сенатот дека својата функција ќе ја врши одговорно, во рамките на законот и актите на Универзитетот и факултетот.

**Замена на студентскиот правобранител**
**Член 15**

Во случај на отсутност или спреченост на студентскиот правобранител, него го заменува еден од замениците студентски правобранители на факултетите што тој ќе го определи.

## III. ПРЕСТАНОК НА МАНДАТОТ НА СТУДЕНТ-СКИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ

### Причини

### Член 16

На студентскиот правобранител му престанува мандатот:

- ако поднесе оставка;
- поради трајна спреченост да ја извршува работата;
- поради истек на мандатот;
- поради престанок на статус студент;
- ако биде разрешен поради несовесно, нестручно или пристрасно вршење на функцијата студентски правобранител;
- ако биде разрешен поради недоверба во неговата работа;
- во други случаи утврдени со закон и со актите на Универзитетот.

### Разрешување на студентскиот правобранител

### Член 17

Постапка за разрешување на студентскиот правобранител може да покрене Универзитетското студентско собрание, а одлука за разрешување донесува Сенатот на Универзитетот, со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

### Член 18

Во случаите од член 16, став 1, алинеи 1 и 2, по предлог на Универзитетското студентско собрание, со соодветен доказ, Сенатот констатира престанок на функцијата и го разрешува студентскиот правобрани-тел.

Во случаите од член 16, став 1, алинеи 3, 4 и 6, врз основа на одлука за покренување постапка за разрешување со соодветен доказ, Сенатот може да го разреши студентскиот правобранител.

Универзитетското студентско собрание, со тајно гласање, ја донесува одлуката за покренување постапка за разрешување, со кворум и мнозинство како за неговиот избор.

Одлуката за покренување постапка за разрешување на студентскиот правобранител треба да биде образложена.

Доколку студентскиот правобранител не биде разрешен, продолжува да ја извршува својата функција.

### Разрешување на заменик-студентскиот правобранител

### Член 19

Постапка за разрешување на заменик-сту-дентскиот правобранител можат да покренат чле-новите на факултетското студентско собрание, студентскиот правобранител или 1/10 од вкупниот број студенти запишани во моментот на Факултет-от на кој е избран заменик-студентскиот право-бранител.

За разрешување на заменик-студентскиот правобранител одлучува факултетското студентско собрание.

## IV. НАДЛЕЖНОСТ И РАБОТА НАСТУДЕНТСКИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ

### Надлежност

### Член 20

Студентскиот правобранител, во рамките на своите надлежности утврдени со закон, актите на Универзитетот и факултетот и овој Правилник, е овластен:

- да посредува во спорови помеѓу студентите и органите на Универзитетот, студентите и член на академската заедница на Универзитетот;
- да дава препораки во конкретни случаи со цел разрешување на спорови;
- да презема дејствија за кои е надлежен и по сопствено наоѓање. Ако започне постапка по сопствена иницијатива, потребна е согласност од студентот на кого му се повредени правата;
- да ги стави на јавна дискусија прашањата поврзани со системот на заштита на студентските права и кршењето на студентските права, и заклучоците од тие прашања да ги промовира со цел подобрување на квалитетот на високото образование и заштитата на студентските права;
- да соработува со домашни и странски владини и невладини институции;

- да врши и други надлежности доделени од Сенатот на Универзитетот или од Универзитетското студентско собрание.

**Увид во досие на студентот**
**Член 21**

Во постапката за заштита на правата на студентот, со писмена согласност на студентот, студентскиот правобранител може да изврши увид во досието кое се однесува на студентот.

**Информирање на студентите**
**Член 22**

Студентскиот правобранител е должен да ги информира и студентите за нивните права поврзани со статусот студент согласно со Законот за високото образование, Статутот и другите акти на Универзитетот.

**Барање**
**Член 23**

Постапката пред студентскиот правобранител се започнува со поднесување на писмено барање.

Барањето го поднесува студентот, односно негов полномошник.

Барањето се доставува писмено, со електронска пошта на електронската адреса објавена на веб-страницата од член 6, став 4 од овој Правилник или во материјална форма до седиштето на студентскиот правобранител.

Во итни случаи, студентскиот правобранител може да го прими барањето и по телефон, за што се составува службена белешка.

Барањето примено по телефон, подносителот е должен во рок од 10 дена да го поднесе во писмена форма до студентскиот правобранител.

**Содржина на барањето**
**Член 24**

Барањето упатено до студентскиот правобранител треба да биде потпишано и да содржи лични податоци на подносителот, да ги содржи околностите, фактите и доказите врз кои се темели барањето. Во барањето треба да биде наведен и органот, односно лицето на кое се однесува барањето.

Подносителот не може да биде повикан на одговорност во врска со поднесеното барање, а за тоа се грижи ректорот, односно деканот.

Подносителот е ослободен од плаќање такси за постапката пред студентскиот правобранител.

**Рок за завршување на постапката**
**Член 25**

Студентскиот правобранител ќе донесе акт по барањето во рок од 30 дена од неговото поднесување, односно комплетирање.

За посложени случаи, рокот е 60 дена.

**Совесно, непристрасно, ефикасно и одговорно постапување**
**Член 26**

Студентскиот правобранител е должен по барањето да постапува совесно, непристрасно, ефикасно и одговорно. При постапувањето е должен од соодветните институции да ги прибави сите факти и докази што се од суштествено значење за одлучувањето по барањето.

Студентскиот правобранител, при постапувањето по барањето, е должен да ги почитува приватноста и тајноста на податоците што се однесуваат на подносителот.

**Запирање на постапката**
**Член 27**

Студентскиот правобранител ќе ја запре постапката:

- доколку барањето примено по телефон во определениот рок не се достави во писмена форма;
- ако подносителот на барањето во оставениот рок нема да постапи по барањето на студентскиот правобранител за отстранување на евентуалните недостатоци во барањето (кога барањето е нецелосно, неразбирливо, не се доставени сите докази и сл.).

**Отфрлање на барањето**
**Член 28**

Студентскиот правобранител ќе го отфрли барањето доколку:

- постапката за истото барање е завршена, освен ако дополнително се поднесат нови докази;
- барањето е анонимно, освен кога се работи за прашање од јавен интерес;
- барањето не е комплетно, а подносителот по претходно укажување од студентскиот правобранител не го дополнил;
- барањето се однесува на дејствие кое се случило пред повеќе од една година, освен ако оцени дека подносителот го пропуштил рокот од оправдани причини;
- студентот не е лично засегнат од дејствијата на кои се однесува барањето, односно барањето е поднесено од неовластено лице;
- барањето се однесува на приговор за оценка, а студентот не го искористил правото согласно со закон, актите на Универзитетот и факултетот;
- решавањето на барањето не е во негова надлежност;
- предметот е во постапка пред суд или друг надлежен орган;
- од доказите што му стојат на располагање произлегува дека не се работи за повреда на правата на студентот согласно со закон и актите на Универзитетот.

Одлуката за отфрлање на барањето треба да биде образложена.

**Неповедување на постапка**
**Член 29**

Студентскиот правобранител ќе донесе одлука за неповедување на постапка доколку од расположливите докази утврди дека не постои повреда на правата на студентот согласно со закон и актите на Универзитетот.

Одлуката за неповедување на постапка треба да биде образложена.

**Поведување на постапка**
**Член 30**

Доколку студентскиот правобранител не донесе одлука согласно со членовите 27 - 29 од овој Правилник, донесува одлука за поведување на постапката.

Во текот на постапката, студентскиот правобранител соработува со замениците студентски правобранители.

**Акти на студентскиот правобранител**
**Член 31**

Кога студентскиот правобранител ќе констатира дека се повредени правата на студентот, може:

- да даде препораки за:
  - начинот на отстранување на констатираните повреди;
  - од страна на Универзитетот, односно факултетот повторно да се преземе определено дејствие или постапка согласно со закон и актите на Универзитетот и факултетот;
- да преземе иницијатива за поведување на одговорност против одговорното лице;
- да побара постапување од други надлежни државни органи.

Студентскиот правобранител, во случаите од став 1 на овој член, задолжително составува и потпишува извештај за констатирана состојба.

**Права на студентскиот правобранител**
**Член 32**

Во текот на постапката, студентскиот правобранител има право да побара од ректорот:

- појаснување и дополнителни информации по наводите на подносителот на барањето;
- да изврши увид во документацијата која е во врска со барањето.

Ректорот е должен да постапи по барањето од став 1 на овој член и да го достави во рокот кој тој ќе го определи, кој не може да биде пократок од 15 дена, ниту подолг од 30 дена.

Одбивањето или непочитувањето на барањето на студентскиот правобранител се смета како попречување на неговата работа, за што тој може за тоа да ги извести органите на Универзитетот.

**Известување за текот на постапката**
**Член 33**

Студентскиот правобранител во текот на постапката не е должен на подносителот на барањето да му овозможи увид во предметот, но, на негово барање, го известува за текот на постапката.

**Извештај за утврдена состојба кога не се повредени правата на студентот**
**Член 34**

Доколку студентскиот правобранител, врз основа на спроведената постапка, констатира дека не се повредени правата на студентот, составува и потпишува извештај со констатации за утврдената состојба и го доставува до подносителот и до Универзитетот.

**Препорака**
**Член 35**

Ако студентскиот правобранител констатира дека се повредени одредени права на студентот, составува и потпишува извештај со констатации за утврдената состојба, со препорака до органот на Универзитетот за преземање на соодветни дејствија за отстранување на повредата за која е поднесено барањето.

Препораката треба да е образложена.

Извештајот со препораката се доставува до подносителот на барањето и до органот на Универзитетот.

Органот на Универзитетот има право да даде свое образложение за препораката во рок од 30 дена од приемот, со одлука дека се прифаќа, односно не се прифаќа препораката.

Студентскиот правобранител може да ја повлече препораката.

Ако органот од став 4 на овој член не постапи по препораката во рок од 15 дена од истекот на рокот од став 4 на овој член, а студентскиот правобранител не ја повлече препораката, тој може да ги извести другите органи на Универзитетот или тоа да го објави во јавно гласило на студентскиот правобранител.

Во случајот од став 6 на овој член, органот има право да даде свое образложение и да го достави до другите органи на Универзитетот или тоа да го објави во јавно гласило на Универзитетот.

**Измена на конечен и правосилен акт**
**Член 36**

Ако постои конечен или правосилен акт на орган на Универзитетот за кој е дадена препорака од студентскиот правобранител, органот може, постапувајќи по препораката, да го измени својот акт со тоа што ќе донесе нов акт.

**Известување од страна на Универзитетот**
**Член 37**

Универзитетот е должен да го известува студентскиот правобранител за текот на преземените дејствија за отстранување на повредата, во рокот што тој ќе го определи.

По завршувањето на постапката, студентскиот правобранител го известува подносителот на барањето.

**Доверливост**
**Член 38**

Сите информации и документи што ќе ги добие студентскиот правобранител по службена должност во текот на постапката се од доверлив карактер.

Обврската за доверливост ги обврзува и другите лица - учесници во постапката.

Студентскиот правобранител се грижи за заштитата на приватноста на студентите кои поднеле барање.

**Термини за прием**
**Член 39**

Студентите и нивните полномошници кои доаѓаат кај студентскиот правобранител се примаат во термин кој е претходно договорен.

**Водење евиденција**
**Член 40**

Студентскиот правобранител води евиденција за доставените барања за заштита на правата на студентите.

**Непостапување пред други органи**
**Член 41**

Студентскиот правобранител, во остварувањето на неговата функција, не

постапува пред органи и организации надвор од универзитетската заедница.

**Извештај за работа**
**Член 42**

Студентскиот правобранител, најмалку еднаш во годината, поднесува извештај за својата работа до Универзитетското студентско собрание, Ректорската управа и до Универзитетскиот сенат.

Извештајот на студентскиот правобранител се објавува во јавното гласило на студентскиот правобранител.

## V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Влегување во сила**
**Член 43**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во *Универзитетски гласник.*

**Ректор**
**Проф. д-р Никола Јанкуловски, с.р.**

Врз основа на член 94, став 1, точка 43 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018) и член 9, ставови 1 и 2 од Правилникот за распределба на средствата за информативни, информатички, културни, спортски и други активности на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 163/2010, бр. 180/2011, бр. 230/2012, бр. 263/2013, бр. 300/2014, бр. 321/2015 и бр. 380/2017), Универзитетскиот сенат, на 36. седница одржана на 29.11.2019 година, донесе

## *ОДЛУКА*
## за усвојување на Финансиски извештај за работата на Универзитетското радио *Студент* ФМ 92,9

1. Со оваа Одлука, Универзитетскиот сенат го усвојува Финансискиот извештај за периодот од 1.5.2018 до 30.9.2019 година за работата на Универзитетското радио *Студент ФМ* 92,9.

2. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во *Универзи-тетски гласник.*

**Ректор**
**Проф. д-р Никола Јанкуловски, с.р.**

Врз основа на член 157, став 1, точка

основа и во рамките на закон, актите на Универзитетот и факултетот и овој Правилник.

Студентскиот правобранител и замениците студентски правобранители се независни и самостојни во вршењето на својата работа.

Функцијата студентски правобранител и заменик-студентски правобранител е неспоива со вршењето на дејност или функција во политичка партија.

При вршењето на својата работа, студентскиот правобранител и замениците студентс-ки правобранители се водат од принципите на непристрасност, недискриминација, доверливост, достапност, одговорност, отчетност и законитост.

**Соработка со Универзитетот и факултетите**
**Член 4**

Универзитетот е должен да соработува со студентскиот правобранител, на негово барање да му се обезбедат потребните податоци и информации и да му се овозможи спроведување на постапката за заштита на правата на студентите утврдени со овој Правилник.

Факултетот е должен да соработува со заменик-студентскиот правобранител, на негово барање да му се обезбедат потребните податоци и информации и да му се овозможи спроведување на постапката за заштита на правата на студентите утврдени со овој Правилник.

**Неповикување на одговорност**
**Член 5**

Студентскиот правобранител и замениците студентски правобранители не можат да бидат повикани на одговорност за дадена препорака и преземени дејствија во вршењето на својата работа.

**Печат и штембил**
**Веб-страница и јавно гласило**
**Член 6**

Студентскиот правобранител има свој печат и штембил, кои го содржат следниов текст: Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје - студентски правобранител и логото на студентскиот правобранител.

Заменик-студентскиот правобранител има свој печат и штембил, кои го содржат следниов текст: Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, називот на факултетот, заменик-студентски правобранител и логото на заменик-студентскиот правобранител.

Студентскиот правобранител и замениците студентски правобранители имаат единствена веб-страница и единствено јавно гласило, кои се регулираат со акт на Универзитетското студентско собрание.

**Примена на Правилникот**
**Член 7**

Одредбите од овој Правилник соодветно се однесуваат и се применуваат и за заменик-студентскиот правобранител на факултетот.

Факултетот може со акт на наставно-научниот/уметнички совет, согласно со овој Правилник, поблиску да ги уреди условите и постапката за избор и разрешување, надлежноста и работата на заменик-студентскиот правобра-нител на факултетот.

## II. УСЛОВИ И ПОСТАПКА ЗА ИЗБОР НА СТУДЕНТСКИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ

**1. Услови за избор**

**Надлежен орган и мандат**
**Член 8**

Студентскиот правобранител се избира од Сенатот на Универзитетот, со мнозинство гласови на членовите на Сенатот на Универзитетот, по предлог на Универзитетското студентско собрание на претходно објавен конкурс.

Мандатот на студентскиот правобранител е две години, без можност за реизбор.

**Услови за избор**
**Член 9**

За студентски правобранител и заменик-студентски правобранител може да биде избран редовен студент запишан на еден од факултетите од Универзитетот со завршен најмалку IV семестар (положени сите испити заклучно со четврти семестар).

**2. Постапка за избор**

**Конкурс**
**Член 10**

Конкурсот за избор на студентски правобранител го распишува Универзи-

тетското студентско собрание и се објавува на веб-страницата на Универзитетот, Универзитетското студентско собрание, на факултетите и на веб-страниците на факултетските студентски собранија.

Конкурсот од став 1 на овој член се распишува најдоцна еден месец пред истекот на мандатот на постојниот студентски правобранител.

Конкурсот трае 15 дена, сметано од наредниот ден од денот на објавувањето.

**Предлог за избор**
**Член 11**

Пријавените кандидати за студентски правобранител треба да ги исполнуваат условите од член 9 од овој Правилник.

Универзитетското студентско собрание го утврдува предлогот за избор на студентски правобранител на седница, со тајно гласање.

На седницата на која се утврдува предлогот треба да присуствуваат повеќе од половината од членовите на Универзитетското студентско собрание.

За утврден кандидат се смета кандидатот кој добил мнозинство гласови од присутните членови.

Ако при гласањето, во првиот круг, не биде утврден кандидат, гласањето се повторува во наредни кругови со кандидатите што не го добиле потребното мнозинство, така што во секој нареден круг отпаѓа кандидатот што добил најмал број гласови, но не повеќе од три круга.

Доколку никој од пријавените кандидати не го добие потребното мнозинство, постапката се повторува со нов конкурс, кој се распишува во рок од три дена по завршувањето на седницата на која не е извршен изборот.

Ако Универзитетското студентско собрание не го распише конкурсот од став 6 на овој член, конкурсот го распишува ректорот.

**Изборна комисија**
**Член 12**

Постапката од член 11 од овој Правилник ја спроведува изборна комисија составена од тројца членови од Универзитетското студентско собрание и двајца претставници од наставниот кадар на Универзитетот.

Претставниците членови од наставниот кадар ги определува ректорот.

**Член 13**

Изборната комисија:
- донесува одлука со која констатира дека пријавените кандидати ги исполнуваат, односно не ги исполнуваат условите да бидат предложени за студентски правобранител. Одлуката е конечна;
- составува записник за резултатите од гласањето и за крајниот резултат;
- ги утврдува резултатите од гласањето;
- врши и други работи утврдени со овој Правилник.

Изборната комисија донесува упатство со кое се утврдува нејзината работа, го утврдува изгледот на гласачкото ливче, утврдува образец на записник, начин на гласање и пребројување на гласовите, резултат од гласањето, известувања, записници и сл., чување и увид во изборната документација и други прашања поврзани со постапката за утврдување кандидат за избор на студентски правобранител.

Упатството од став 2 на овој член се објавува на веб-страницата на Универзитетот.

**Заклетва**
**Член 14**

Студентскиот правобранител дава свечена заклетва пред Сенатот дека својата функција ќе ја врши одговорно, во рамките на законот и актите на Универзитетот и факултетот.

**Замена на студентскиот правобранител**
**Член 15**

Во случај на отсутност или спреченост на студентскиот правобранител, него го заменува еден од замениците студентски правобранители на факултетите што тој ќе го определи.

## III. ПРЕСТАНОК НА МАНДАТОТ НА СТУДЕНТ-СКИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ

**Причини**

**Член 16**

На студентскиот правобранител му престанува мандатот:

- ако поднесе оставка;
- поради трајна спреченост да ја извршува работата;
- поради истек на мандатот;
- поради престанок на статус студент;
- ако биде разрешен поради несовесно, нестручно или пристрасно вршење на функцијата студентски правобранител;
- ако биде разрешен поради недоверба во неговата работа;
- во други случаи утврдени со закон и со актите на Универзитетот.

**Разрешување на студентскиот правобранител**

Член 17

Постапка за разрешување на студентскиот правобранител може да покрене Универзитетското студентско собрание, а одлука за разрешување донесува Сенатот на Универзитетот, со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

**Член 18**

Во случаите од член 16, став 1, алинеи 1 и 2, по предлог на Универзитетското студентско собрание, со соодветен доказ, Сенатот констатира престанок на функцијата и го разрешува студентскиот правобрани-тел.

Во случаите од член 16, став 1, алинеи 3, 4 и 6, врз основа на одлука за покренување постапка за разрешување со соодветен доказ, Сенатот може да го разреши студентскиот правобранител.

Универзитетското студентско собрание, со тајно гласање, ја донесува одлуката за покренување постапка за разрешување, со кворум и мнозинство како за неговиот избор.

Одлуката за покренување постапка за разрешување на студентскиот правобранител треба да биде образложена.

Доколку студентскиот правобранител не биде разрешен, продолжува да ја извршува својата функција.

**Разрешување на заменик-студентскиот правобранител**

**Член 19**

Постапка за разрешување на заменик-сту-дентскиот правобранител можат да покренат чле-новите на факултетското студентско собрание, студентскиот правобранител или 1/10 од вкупниот број студенти запишани во моментот на Факултет-от на кој е избран заменик-студентскиот право-бранител.

За разрешување на заменик-студентскиот правобранител одлучува факултетското студентско собрание.

## IV. НАДЛЕЖНОСТ И РАБОТА НАСТУДЕНТСКИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ

**Надлежност**

**Член 20**

Студентскиот правобранител, во рамките на своите надлежности утврдени со закон, актите на Универзитетот и факултетот и овој Правилник, е овластен:

- да посредува во спорови помеѓу студентите и органите на Универзитетот, студентите и член на академската заедница на Универзитетот;
- да дава препораки во конкретни случаи со цел разрешување на спорови;
- да презема дејствија за кои е надлежен и по сопствено наоѓање. Ако започне постапка по сопствена иницијатива, потребна е согласност од студентот на кого му се повредени правата;
- да ги стави на јавна дискусија прашањата поврзани со системот на заштита на студентските права и кршењето на студентските права, и заклучоците од тие прашања да ги промовира со цел подобрување на квалитетот на високото образование и заштитата на студентските права;
- да соработува со домашни и странски владини и невладини институции;

- да врши и други надлежности доделени од Сенатот на Универзитетот или од Универзитетското студентско собрание.

**Увид во досие на студентот**
**Член 21**

Во постапката за заштита на правата на студентот, со писмена согласност на студентот, студентскиот правобранител може да изврши увид во досието кое се однесува на студентот.

**Информирање на студентите**
**Член 22**

Студентскиот правобранител е должен да ги информира и студентите за нивните права поврзани со статусот студент согласно со Законот за високото образование, Статутот и другите акти на Универзитетот.

**Барање**
**Член 23**

Постапката пред студентскиот правобранител се започнува со поднесување на писмено барање.

Барањето го поднесува студентот, односно негов полномошник.

Барањето се доставува писмено, со електронска пошта на електронската адреса објавена на веб-страницата од член 6, став 4 од овој Правилник или во материјална форма до седиштето на студентскиот правобранител.

Во итни случаи, студентскиот правобранител може да го прими барањето и по телефон, за што се составува службена белешка.

Барањето примено по телефон, подносителот е должен во рок од 10 дена да го поднесе во писмена форма до студентскиот правобранител.

**Содржина на барањето**
**Член 24**

Барањето упатено до студентскиот правобранител треба да биде потпишано и да содржи лични податоци на подносителот, да ги содржи околностите, фактите и доказите врз кои се темели барањето. Во барањето треба да биде наведен и органот, односно лицето на кое се однесува барањето.

Подносителот не може да биде повикан на одговорност во врска со поднесеното барање, а за тоа се грижи ректорот, односно деканот.

Подносителот е ослободен од плаќање такси за постапката пред студентскиот правобранител.

**Рок за завршување на постапката**
**Член 25**

Студентскиот правобранител ќе донесе акт по барањето во рок од 30 дена од неговото поднесување, односно комплетирање.

За посложени случаи, рокот е 60 дена.

**Совесно, непристрасно, ефикасно и одговорно постапување**
**Член 26**

Студентскиот правобранител е должен по барањето да постапува совесно, непристрасно, ефикасно и одговорно. При постапувањето е должен од соодветните институции да ги прибави сите факти и докази што се од суштествено значење за одлучувањето по барањето.

Студентскиот правобранител, при постапувањето по барањето, е должен да ги почитува приватноста и тајноста на податоците што се однесуваат на подносителот.

**Запирање на постапката**
**Член 27**

Студентскиот правобранител ќе ја запре постапката:

- доколку барањето примено по телефон во определениот рок не се достави во писмена форма;
- ако подносителот на барањето во оставениот рок нема да постапи по барањето на студентскиот правобранител за отстранување на евентуалните недостатоци во барањето (кога барањето е нецелосно, неразбирливо, не се доставени сите докази и сл.).

**Отфрлање на барањето**
**Член 28**

Студентскиот правобранител ќе го отфрли барањето доколку:

- постапката за истото барање е завршена, освен ако дополнително се поднесат нови докази;
- барањето е анонимно, освен кога се работи за прашање од јавен интерес;
- барањето не е комплетно, а подносителот по претходно укажување од студентскиот правобранител не го дополнил;
- барањето се однесува на дејствие кое се случило пред повеќе од една година, освен ако оцени дека подносителот го пропуштил рокот од оправдани причини;
- студентот не е лично засегнат од дејствијата на кои се однесува барањето, односно барањето е поднесено од неовластено лице;
- барањето се однесува на приговор за оценка, а студентот не го искористил правото согласно со закон, актите на Универзитетот и факултетот;
- решавањето на барањето не е во негова надлежност;
- предметот е во постапка пред суд или друг надлежен орган;
- од доказите што му стојат на располагање произлегува дека не се работи за повреда на правата на студентот согласно со закон и актите на Универзитетот.

Одлуката за отфрлање на барањето треба да биде образложена.

**Неповедување на постапка**
**Член 29**

Студентскиот правобранител ќе донесе одлука за неповедување на постапка доколку од расположливите докази утврди дека не постои повреда на правата на студентот согласно со закон и актите на Универзитетот.

Одлуката за неповедување на постапка треба да биде образложена.

**Поведување на постапка**
**Член 30**

Доколку студентскиот правобранител не донесе одлука согласно со членовите 27 - 29 од овој Правилник, донесува одлука за поведување на постапката.

Во текот на постапката, студентскиот правобранител соработува со замениците студентски правобранители.

**Акти на студентскиот правобранител**
**Член 31**

Кога студентскиот правобранител ќе констатира дека се повредени правата на студентот, може:

- да даде препораки за:
  - начинот на отстранување на констатираните повреди;
  - од страна на Универзитетот, односно факултетот повторно да се преземе определено дејствие или постапка согласно со закон и актите на Универзитетот и факултетот;
- да преземе иницијатива за поведување на одговорност против одговорното лице;
- да побара постапување од други надлежни државни органи.

Студентскиот правобранител, во случаите од став 1 на овој член, задолжително составува и потпишува извештај за констатирана состојба.

**Права на студентскиот правобранител**
**Член 32**

Во текот на постапката, студентскиот правобранител има право да побара од ректорот:

- изјаснување и дополнителни информации по наводите на подносителот на барањето;
- да изврши увид во документацијата која е во врска со барањето.

Ректорот е должен да постапи по барањето од став 1 на овој член и да го достави во рокот кој тој ќе го определи, кој не може да биде пократок од 15 дена, ниту подолг од 30 дена.

Одбивањето или непочитувањето на барањето на студентскиот правобранител се смета како попречување на неговата работа, за што тој може за тоа да ги извести органите на Универзитетот.

**Известување за текот на постапката**
**Член 33**

Студентскиот правобранител во текот на постапката не е должен на подносителот на барањето да му овозможи увид во предметот, но, на негово барање, го известува за текот на постапката.

**Извештај за утврдена состојба кога не се повредени правата на студентот**
**Член 34**

Доколку студентскиот правобранител, врз основа на спроведената постапка, констатира дека не се повредени правата на студентот, составува и потпишува извештај со констатации за утврдената состојба и го доставува до подносителот и до Универзитетот.

**Препорака**
**Член 35**

Ако студентскиот правобранител констатира дека се повредени одредени права на студентот, составува и потпишува извештај со констатации за утврдената состојба, со препорака до органот на Универзитетот за преземање на соодветни дејствија за отстранување на повредата за која е поднесено барањето.

Препораката треба да е образложена.

Извештајот со препораката се доставува до подносителот на барањето и до органот на Универзитетот.

Органот на Универзитетот има право да даде свое образложение за препораката во рок од 30 дена од приемот, со одлука дека се прифаќа, односно не се прифаќа препораката.

Студентскиот правобранител може да ја повлече препораката.

Ако органот од став 4 на овој член не постапи по препораката во рок од 15 дена од истекот на рокот од став 4 на овој член, а студентскиот правобранител не ја повлече препораката, тој може да ги извести другите органи на Универзитетот или тоа да го објави во јавно гласило на студентскиот правобранител.

Во случајот од став 6 на овој член, органот има право да даде свое образложение и да го достави до другите органи на Универзитетот или тоа да го објави во јавно гласило на Универзитетот.

**Измена на конечен и правосилен акт**
**Член 36**

Ако постои конечен или правосилен акт на орган на Универзитетот за кој е дадена препорака од студентскиот правобранител, органот може, постапувајќи по препораката, да го измени својот акт со тоа што ќе донесе нов акт.

**Известување од страна на Универзитетот**
**Член 37**

Универзитетот е должен да го известува студентскиот правобранител за текот на преземените дејствија за отстранување на повредата, во рокот што тој ќе го определи.

По завршувањето на постапката, студентскиот правобранител го известува подносителот на барањето.

**Доверливост**
**Член 38**

Сите информации и документи што ќе ги добие студентскиот правобранител по службена должност во текот на постапката се од доверлив карактер.

Обврската за доверливост ги обврзува и другите лица - учесници во постапката.

Студентскиот правобранител се грижи за заштитата на приватноста на студентите кои поднеле барање.

**Термини за прием**
**Член 39**

Студентите и нивните полномошници кои доаѓаат кај студентскиот правобранител се примаат во термин кој е претходно договорен.

**Водење евиденција**
**Член 40**

Студентскиот правобранител води евиденција за доставените барања за заштита на правата на студентите.

**Непостапување пред други органи**
**Член 41**

Студентскиот правобранител, во остварувањето на неговата функција, не

постапува пред органи и организации надвор од универзитетската заедница.

**Извештај за работа**
**Член 42**

Студентскиот правобранител, најмалку еднаш во годината, поднесува извештај за својата работа до Универзитетското студентско собрание, Ректорската управа и до Универзитетскиот сенат.

Извештајот на студентскиот правобранител се објавува во јавното гласило на студентскиот правобранител.

## V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Влегување во сила**
**Член 43**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во *Универзитетски гласник*.

**Ректор**
**Проф. д-р Никола Јанкуловски, с.р.**

Врз основа на член 94, став 1, точка 43 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018) и член 9, ставови 1 и 2 од Правилникот за распределба на средствата за информативни, информатички, културни, спортски и други активности на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 163/2010, бр. 180/2011, бр. 230/2012, бр. 263/2013, бр. 300/2014, бр. 321/2015 и бр. 380/2017), Универзитетскиот сенат, на 36. седница одржана на 29.11.2019 година, донесе

## *ОДЛУКА*
**за усвојување на Финансиски извештај за работата на Универзитетското радио *Студент ФМ 92,9***

1. Со оваа Одлука, Универзитетскиот сенат го усвојува Финансискиот извештај за периодот од 1.5.2018 до 30.9.2019 година за работата на Универзитетското радио *Студент ФМ* 92,9.

2. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во *Универзи-тетски гласник.*

**Ректор**
**Проф. д-р Никола Јанкуловски, с.р.**

Врз основа на член 157, став 1, точка